# И родителите се важни

## Како да му помогнете на вашето дете со – Мерење температура и време

За децата да можат да ја сфатат суштината на мерењето, ние треба да им покажеме како мерењето се користи во практични ситуации. Исто така, треба да ги поттикнеме да ги научат зборовите кои се користат во врска со мерењето, со тоа што ќе зборуваме за:

- работите кои можеме да ги мериме
- работите кои можеме да ги користиме за да мериме, и подоцна
- единиците кои ги користиме за мерење на различни работи, на пример, минути и часови, или степени.

## Како децата учат да мерат температура и време?

На децата треба да им се дадат можности да можат да споредат две или повеќе работи за да го разберат мерењето. За да разберат што значи температура, тие треба да споредат две работи за да измерат колку материјата е "жешка" или "ладна". Тие треба да видат и да зборуваат за тоа како температурата може да влијае на нештата и на кои начини можеме да ја мериме температурата.

Во почетокот, децата ќе научат што значи време користејќи зборови како на пример, *вчера, денес* и *утре*, како и со споредба колку време е потребно да се завршат активностите. *Можам трипати да плеснам со рацете додека да ја фрлиш топката во воздух и да ја фатиш.* Подоцна, децата ќе можат да кажат колку е часот и на дигитални и на аналогни часовници.







Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education

# И родителите се важни

## Што можете да правите дома?

- Зборувајте за настани во однос на времето. На пример, *Ќе земе три минути да се зготви ова, значи ќе имаш време да намачкаш путер на лебот.*
- Побарајте различни видови на часовници (вклучувајќи и рачни) во домот. Прашајте го детето да ви каже дали тие се аналогни или дигитални.
- Дозволете му на детето да ви помогне да го наместите часовникот од рерната/шпоретот или будилникот да ѕвони во одредено време.
- Забележете ги посебните настани на календар и зборувајте уште колку дена или недели има до настанот.
- Гледајте натпревари во атлетика и пливање и зборувајте за времињата кои атлетичарите ги постигнуваат на овие настани.
- Најдете ги "роковите на употреба" на намирниците и разговарајте уште колку дена има пред да помине рокот на користење.
- Кога користите јавен превоз, помогнете му на детето да го чита возниот ред на автобусите и возовите, или на аеродром да ги чита огласните табли за пристигнување и тргнување на авионите.
- Гледајте ги знаците за паркирање и зборувајте за временските ограничувања кога го паркирате автомобилот.
- Дозволете му на детето да ви помогне да го ставите точниот износ на пари во паркинг часовникот и зборувајте колку време имате пред да истече времето на часовникот.
- Читајте ги упатствата на кутиите со храна и пијалоци за да видите на која тепература се препорачува тие да се чуваат.
- Замолете го детето да става и да прави етикети со "рок на употреба" за месо или зготвена храна што треба да се замрзне.
- Кажувајте му на детето како температурата ја менува храната или течноста додека готвите. *Што ќе се случи со водата кога ќе ја ставиме во замрзнувач? Види што ќе се случи со чоколадото во тавата кога ќе ја ставам на топла рингла.*


Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education

# И родителите се важни



- Заедно гледајте го извештајот за времето и зборувајте за температурите кои ги предвидуваат. Прашајте го детето што ќе треба да облече или да понесе со себе.
- Гледајте ги дрвата во соседството и зборувајте како дрвата се менуваат со сезоните.
- Најдете различни видови на термометри и зборувајте како тие се користат.
- Измерете ја температурата на водата за бањање пред детето да влезе во кадата. Зборувајте дали водата е прежешка, премногу ладна или со вистинска температура за капење.
- Зборувајте за безбедност во врска со предмети во домаќинството кои можат да бидат многу жешки, на пример, шпоретот, пеглата или греалката.
- Заедно читајте книги кои се засноваат на температура или сезони. Добро познат настан или прослава, на пример, за Божик, може да се спореди со истиот настан во земји со ладна клима.


Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education